## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 27 и член 56 став 1 точ ка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016 и 37/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 2016 година, донесе

# Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување

**Член 1**

Во Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/2013), во членот 4 ставот 3 се менува и гласи: „Еднаш внесените податоци во чипот од картичката не може да се менуваат."

**Член 2**

Во член 5 став 1 зборовите „и доказ за извршена уплата на трошоците за издавање на картичката согласно Правилникот за висината за трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување, како и начинот на нивното плаќање" се бришат.

Во членот 5 став 2 зборовите „и доказ за извршена уплата на трошоците за издавање на картичката согласно Правилникот за висината за трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување, како и начинот на нивното плаќање за сите лица наведени во барањето" се бришат.

Во членот 5 се додава нов став 16 кој гласи: „Трошоците за издавање на картичката се плаќаат согласно Правилникот за висината за трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување, како и начинот на нивното плаќање."

**Член 3**

Во членот 8 став 2 се брише.

**Член 4**

Членот 9 се менува и гласи:

„Губењето на картичката корисникот го пријавува во подрачната служба на Фондот кој во соработка со Службен весник на Република Македонија по службена должност разменува податоци за корисниците кои ја изгубиле картичката.“

**Член 5**

Во членот 10 став 6 се брише.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-6693/2
28 април 2016 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.